Врз основа на член 74 алинеја 10 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на Р.М. бр. 24/2019) и донесените подзаконски акти ја донесувам следната:

# О Д Л У К А

**Број 1 за избор на квалификувани кандидати кои ги исполнуваат условите за прием во втората фаза од квалификацискиот систем**

**1.** Се врши избор на квалификувани кандидати кои ги исполнуваат условите за прием во втората фаза од квалификацискиот систем, по Јавната набавка бр. 18645/2024/К1, наш број 01-77КС/2024, за набавка на **Резервни делови за градежни машини со тркала (РЕК Битола).**

**2.** Јавната набавка се спроведува со квалификациски систем ЕСЈН број 18645/2024/К1, наш број 01-77КС/2024, согласно Законот за Јавни набавки.

**3.** Квалификувани кандидати за втора фаза од квалификацискиот систем:

| Ред. Бр. | Кандидат | Бренд |
|---|---|---|
| 1 | Друштво за трговија и услуги НСК 2001 ДООЕЛ Скопје | • **Резервни делови за ГрејдерLIUGONG 418III**<br>• **Резервни делови за Утоварач LIUGONG CLG877H**<br>• **Резервни делови за Ровокопач JCB 4CX-4WS-SM**<br>• **Резервни делови за Хидромек HMK Alfa 102S** |
| 2 | Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје | • **Резервни делови за ГрејдерLIUGONG 418III**<br>• **Резервни делови за Утоварач LIUGONG CLG877H** |

***Образложение на приемот во втора фаза од квалификациски систем:***

По целосно извршена проверка на документацијата и пријавата, а согласно барањата од тендерската документација, избраните кандидати ги исполнуваат условите за прием во втора фаза од квалификацискиот систем.

**4.** Согласно член 74 алинеја 11 и 12 од ЗЈН, се задолжува Секторот за комерцијални работи да води список на квалификувани економски оператори и да обезбеди списокот на квалификувани економски оператори да е јавно достапен на веб-страница на АД ЕСМ, Скопје.

**5.** Правна поука: секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да побара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањето за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка, со изјавување жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, согласно член 142 од Законот за јавни набавки, во рок од 10 дена од приемот на оваа Одлука.

Копија до:

- Комисија за јавни набавки
- Архива

**ОДГОВОРНО ЛИЦЕ**
**Генерален директор**
**м-р Лазо Узунчев**